29.10.2014

На 29.10.2014 година Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ, ја одржа својата 22ра седница на Советот.



Слика 1. Претседателот д-р Митревски на седницата

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ, Љубиша Каранфиловски, а покрај членовите на Советот на седницата присуствуваше и претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски.



Слика 2. Присутните на седницата

На оваа седница беа разгледувани повеќе точки, меѓу кои и информацијата за актуелните состојби во здравствената дејност и социјална заштита во РМ, како и извештајот од 15тата седница на Комисијата за доделување парична помош од синдикалниот фонд на синдикатот.